Патот на Рацин, неговата богата и разновидна политичка активност и нескршлива вера во победата на работничката класа, изразена во неговата неразделна од него поговорка „Ќе победиме" што секогаш при секој поздрав ја повторуваше; неговите мисли и ставови и неговите 17 апсења и затвори во занданите на Југославија и надвор од неа ни го доловува во овој зборник од сеќавања на неговите современици ликот на овој неповторлив поет и револуционер на македонскиот народ.

Цртежите и сликите на неговите родители и другари, на неговата грнчарска работилница во која со својата макотрпна работа остави голем дел од својата младост, факсимилите на документите од неговото полициско досие, сликата од Сремско-митровачкиот затвор од робијата, факсимилите од ракописот на неговите песни и земјанката во која ги помина последните денови од својот живот и визуелно нè доближуваат до животната и општествена средина на големиот поет и револуционер.

Не би можеле сепак да не ѝ направиме и извесна забелешка на редакцијата на овој зборник што не вложила поголеми напори во хронолошкото подредување на сеќавањата. Иако најголем дел од нив се тешко податливи на овој принцип, сепак некои од сеќавањата можеле слободно да се прераспределат а кон нив, длабоко веруваме, дека би можеле да се приклучат и сосем нови впечатоци и сеќавања на неговите блиски другари и работници од Велес и другите краишта на нашата земја со што уште повеќе ќе се збогатеше нашето познавање на Рацин, неговата мисла и акција. Да се надеваме дека сето ова ќе може да се реализира во едно второ издание на овој зборник.

**Љ. Л.**

## Д-р ВЕЛИМИР БРЕЗОСКИ „ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1943" (на територијата на СР Македонија) Издание на Институтот за национална историја — Скопје, 1971, стр. 415, поделено на шест глави со увод, заклучок и прилози

Во овој обемен труд, што обилува со драгоцени, многу од нив досега непознати фактографски моменти, за големите напори на македонските партизани и целиот народ во 1943 година, Брезоски успеал да ни разбистри и подредено јасно да ни ја престави вистината за тоа возвишено херојско време.

Од огромната архива и документација за 1943 година Брезоски ја вадел само сржта затоа текстот е стегнато-есенционален. Во овој научен текст на разводнувањето и дигресиите не им е дадено ни минимален простор. Самиот стег на речениците му помогнале на авторот со сигурност и одважно да оформува и донесува мислење за тој висок релјеф во нашето поблиско историско минато, за тие револуционерни настани во Македонија. „Народот сè помасовно пристапуваше кон движењето, зашто целта и задачите на партизанските одреди и на ослободителното движење му беа познати, блиски и произлегуваа од неговите национални инте-

реси", пишува на страна 31 од оваа книга. Брезоски со оваа констатација за крајот на 1942 година, заправо го воведува читателот во сложеноста на големата 1943. Тој за почетокот на четириесет и третата напоменува „треба да се има предвид и активноста на Покраинскиот комитет на КПЈ и Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија во првите месеци на 1943 година кога независно од одлуките на ЦК на КПЈ и Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ, беа преземени обемни мерки и се вршени подготовки за масовен развиток на вооружената борба" (страна 49). Во врска со овие сериозни подготовки, Брезоски го свртува вниманието на читателот (на 61 страна) и на тоа: „Делегатот на ЦК на КПЈ Светозар Вукмановиќ кон крајот на февруари затекна положба со јасно одредена политика и единствено насочена кон вооружена борба. Инаку не би можело ни да се разбере постигањето на крупни резултати во тој однос за така кратко време во пролетта на 1943 година".

Може со задоволство да се уочи фактот дека во овој пластичен текст, со настегани драматични податоци привлекува внимание скоро потполно отсуство на хиперболизирање и поттурнување, некаде кон преден план авторството на творештвото. Секако, овој суперлатив се должи на природата на човекот кога сега го посматраме како писател-историчар. И уште нешто. Го гледаме не без страв како се провлекува низ опасните лавиринти на човековата суета, бидејќи тој го крши правилото: „Додека се живи јунаците, историјата молчи". Далеку е полесно, особено за оние автори кои трчаат по сензационални теми и пристапуваат кон историски настани со затаено чувство на морална одговорност, што публикуваат работи во кои се употребува само вештината на преведувачката и препишувачката дејност („Ресавска школа"), особено за работи за кои многу мал број се заинтересирани не само како проникнувачи туку само како читатели, па авторот е разлабавен во самоконтролата и самоцензурата. Овде, кај трудов на д-р Брезоски се соочуваме со многу тежок проблем за односот на релацијата автор творец—читател, консуматор. Овде, консуматорот се појавува воедно и како производител на материјата со која се зафатил историчарот да ја среди и осмисли. Затоа одговорноста, која врз себе ја зел Брезоски, е повеќекатно поголема — потешка. Нему, секако, додека го пишувал делото, оваа сериозна закана му висела над главата, како Дамоклов меч. Затоа одел од дното до височините на совесно испитување и консултирање на фактите и изворите и ги посматрал од сите можни агли, за да може на утрешните евентуални приговарачи да им даде објективен и убедителен одговор.

Брезоски не бил насочен во своето истражување кон проникнувањето на интимниот живот на актерите (што е задача на биографите) за да ни ги претстави поттикот и концепциите на борбата, туку тргнал кон осветлувањето на делата како колективност, како народно движење, предводено од Комунистичката партија. Што е примерно за научниот приод на историчарот, истиот успеал да нè вовлече во основните мотиви на отпорот на на-

родните маси и со една нужна хроничност, постапно, би се рекло со една неосетност, ја прикажал спиралната нагорнина на востанието во 1943 и колку повеќе ги совладуваме страниците толку појасно и пооформени ни стануваат настаните. Тогаш авторот, откако ги предочил настаните, со право ја заокружува целината на еден период — „Од горното произлегува дека уште пред донесувањето на одлуките и преземените мерки, по доаѓањето на Светозар Вукмановиќ и по формирањето на ЦК на КПМ, организацијата на КП во работата беше ориентирана кон натамошен разгор на вооружената борба“.

Ова перо го краси едноставна предаденост. Се чувствува дека нишките од кои е исткаена содржината на книгава се од цврста материја солидно обработени и подготвени за финален продукт. Секогаш е така. Ако е нешто добро узреано лесно се бере, ако е контемплацијата продлабочена речeницата ќе биде појасна, восприемањето на читателот ќе биде успешно. Во ова дело на Брезоски нема двосмисленост, дилеми и конфузност. Тоа се чита лесно. Нема прекрстувања на разни струења на движењето и нема заплети и ненадејни пресврти. Просто се чувствува здивот на линијата на Комунистичката партија како што за време на Француската револуција од 1789 година се чувствувал духот на новата библија — идеите на Жан Жак Русо.

Брезовски во ова дело говори за разбранувани настани и за нивните актери со возбудени нерви, а во состојба е цврсто да се држи на дистанца од пристрасност и едностраност. Живите учесници на настаните што ни ги слика Брезоски, не можеле поинаку да мислат поради воинствениот фанатизам. Тие го слушале гласот на своето срце. Историчаров овде настојувал со згаснат пристап на кажувањето да ни го предочи тогашниот пламен. И успехот во оваа насока не изостанал. Дури кога говори за ѕверствата на окупаторот спрема смирените реченици со кои се служи Брезоски, се гледа дека не подлегнал на чувството за одмазда. Тој само ќе рече на страна 304: „Во офанзивата окупаторот ја примени и познатата тактика на ограбување и терор над незаштитените села. Во повеќе села ја запали сета храна за добитокот и училиштата. Стрелани се 30 лица“.

Брезовски се зафатил со деликатна тема создадена од уште живи современици. Оваа страница од нашата победоносна Народноослободителна војна е една од најсветлите зашто токму во оваа година е формирана Комунистичката партија на Македонија — формиран Централен комитет; создадена прва слободна територија во Македонија; создадена нова Народна власт; потоа училишта на македонски јазик; издаден Манифест на Главниот штаб на Македонија кој „го постави и отвори најзначајното прашање на македонскиот народ — националното ослободување во условите на заедничката борба на народите на Југославија“.

К. С.